tobaccotaxation

Economic Research Informing Tobacco Tax Policy

Забрзување на напредокот на ефективните даночни политики за тутун во земјите со низок и среден приход

Национална студија - МАКЕДОНИЈА

Економија на тутун и оданочување на тутун

Изготвена од:
Тамара Мијовиќ Спасова
Бојана Мијовиќ Христовска

СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2018

Содржина

РЕЗИМЕ .....**Error! Bookmark not defined.**
1. ВОВЕД 5
1.1 Профил на земјата 5
1.2 Одгледување на тутун во Република Македонија 6
2. ПОНУДА НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ 7
2.1 Тутунско земјоделство и домашно производство на тутунов лист 7
2.2 Увоз и извоз на тутун (суров тутун) 10
2.3 Малопродажба на тутунски производи 11
2.4 Вработување во тутунската индустрија (компании за производство на цигари) 12
2.5 Цигари 13
2.5.1. Домашно производство на цигари 13
2.5.2. Увоз и извоз на цигари 13
2.5.3. Продажба на цигари и најнови трендови 15
2.5.4. Клучни играчи на пазарот за цигари 16
2.6 Пури, цигарилоси и тутун за пушење (ситно сецкан и тутун за луле) .18
3. ПОБАРУВАЧКА ЗА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ 21
3.1 Преваленца на пушење 21
3.2 Минимална возраст за пушење 24
3.3 Потрошувачка на тутун кај младите 25
3.4 Општествено прифаќање на пушењето 26
4. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ТУТУН И ЦЕНОВНИ ПОЛИТИКИ 26
4.1 Институционална рамка и рамка на политика 27
4.3 Мерки за контрола на тутун 28
4.3.1 Ратификација на Рамковната конвенција за контрола на тутунот .28
4.3.2 Графички здравствени предупредувања 29
4.3.3 Забрана за пушење 30
4.3.4 Нивоа на катран 30
4.3.5 Маркетинг и рекламирање на тутун 31
4.3.6 Релевантно законодавство – Закон за акцизи 31
4.3.7 Други ограничувања на тутунските производи 32
4.3.8 Употреба на бандероли 33
4.3.9 Незаконска трговија во Македонија 33
4.4 Оданочување и акцизи 35
4.4.1 Оданочување на тутунски производи 35
4.4.2 Приходи од акцизи за тутунски производи 38
4.4.3. Влијание на оданочувањето на цигари врз цената на цигари 39
4.4.4 Влијание на оданочувањето на цигарите врз потрошувачката на цигари .....
5. ЕЛАСТИЧНОСТ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ 40
ПРЕГЛЕД И ПРЕПОРАКИ 42
Препорака 43
ПРИЛОГ 1 44
Бездимен тутун 44
Електронски цигари и производи на пареа 44
ПРИЛОГ 2 46
ДИЈАЛОГ ЗА ПОЛИТИКА .....**Error! Bookmark not defined.**
ПРЕГЛЕД И ПРЕПОРАКИ 42
РЕФЕРЕНЦИ .....**Error! Bookmark not defined.**
ЦИТАТИ 47

РЕЗИМЕ

Овој документ дава преглед на политиките и законите кои го регулираат тутунот и тутунските производи, политиките за одаочување на тутунот и тутунските производи во Република Македонија, како и нивното сегашно и потенцијално идно влијание врз домашната потрошувачка на тутунски производи. Главниот фокус е на одаочувањето на тутунот и ценовните политики, како и на приходите од акциза собрани од домашната продажба на цигари и влијанието на промените на Законот за акцизи до 2023 година.

Република Македонија има долга историја и традиција на одгледување и извоз на суров тутун, особено ориентален тип на тутун. Како таква, Македонија е една од главните земји во регионот за производство на суров тутунов лист и готови цигари. Во овој документ ги анализираме специфичните карактеристики на одгледување тутун во Македонија, понудата и побарувачката на тутун и тутунски производи, тутунската индустрија и пазарот на тутунски производи и политиките за контрола на тутунот, вклучувајќи го и одаочувањето. Најголемиот дел од потрошувачката на цигари во Македонија произлегува од домашно производство, додека пури, цигарилоси и тутун за пушење се увезуваат. Дополнително на домашно произведените марки на цигари, некои марки на цигари се увезуваат.

Врз основа на големината на пазарот и податоците доставени од Министерството за финансии, Централниот регистар на Македонија, Државниот завод за статистика на Македонија и други извори, ние дискутираме за понудата и побарувачката на пазарот на тутун, како и за ефектите од националните политики, вклучувајќи ги и одаочувањето, акцизата, ДДВ за цените на тутунските производи и нивоата на потрошувачка. Исто така, вклучени се и податоците за домашно производство и увоз-извоз од базата на податоци МАК-STAT на Државниот завод за статистика.

Во документот ги разгледуваме јавно достапните податоци кои покажуваат дека преваленцата на пушење е една од највисоките во светот и пушењето кај младите останува загрижувачко и треба да се реши од страна на властите.

Дополнително, во оваа студија ја оценивме ценовната еластичност на побарувачката за цигари во Македонија. Согласно теоретските предвидувања и наоди во други емпириски студии, резултатите покажаа дека ценовната еластичност на побарувачката за цигари е околу -0,4, што укажува на тоа дека зголемувањето на цените на цигарите за 10% доведува до пад на потрошувачката на цигари за околу 4%. Коефициентот на приходот беше оценет како негативен -0,16[1], што значи дека зголемувањето на приходот од 10% доведува до пад на потрошувачката на цигари за 1,6%.

[1] Сепак, резултатите покажуваат негативен знак како статистички незначаен во моделот. Ова значи дека веројатно серијата на податоци е премногу кратка за робусно предвидување.

Оценките за долгорочната цена и еластичноста на приходите беа искористени за симулирање на евентуалниот ефект на зголемување на акцизите на цигари (како што е предвидено во Законот за акцизи) за цените на цигарите, потрошувачката на цигари и даночните приходи. Според симулацијата, зголемувањето на цената на цигарите по кутија од 50% ќе доведе до пад на потрошувачката на цигари по глава на жител за 19,2% (или 519 цигари по глава на жител) и повисоките приходи од акцизи за 55,9% (кумулативно зголемување од 6 милијарди МКД или 100 милиони евра).

Во последниот дел од овој документ предлагаме препораки кои би требало да ги спроведат главните засегнати страни, првенствено Владата на Република Македонија и нејзините министерства, со цел понатамошно намалување на преваленцата на пушење и целокупната потрошувачка на тутунски производи во земјата како и промовирање на поздрав начин на живот без употреба на тутун кај жителите во Република Македонија.

1. ВОВЕД

1.1 Профил на земјата

Република Македонија е планинска копнена земја лоцирана на Балканскиот полуостров, во југоисточниот дел на Европа. Зафаќа површина од 25.713 км², а се граничи со Косово и Србија на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Земјата претходно беше една од републиките во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Таа стекна независност во 1991 година, на референдум со мнозинство гласови во корист на нејзината независност. Етничките Албанци ја сочинуваат втората по големина етничка група по етничките Македонци, што опфаќа 25% од вкупното население. Други етнички групи вклучуваат: Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други. Земјата е поделена од северозапад кон југоисток со својата најдолга река - Вардар. Има три природни езера (Охрид, Преспа и Дојран), како и неколку вештачки езера и брани. Нејзината највисока точка е *планината Кораб* со 2.764 метри, која се граничи со Албанија на запад.

Поради тековниот спор со Грција во врска со употребата на името на Македонија, која исто така има свој сопствен регион во северна Грција наречена Македонија, Република Македонија е примена во Обединетите нации под привремената референца "Поранешна Југословенска Република Македонија". Земјата опфаќа дел од поширокатa историска и географска област позната како Македонија, а нејзината култура и начин на живеење е мешавина од отоманско-европски влијанија.

Република Македонија има вкупно население од околу 2 милиони луѓе и не можеше да спроведе попис од 2002 година како резултат на политички пречки и опструкции. Главен град на Република Македонија е нејзиниот најголем град, Скопје. Службен јазик во Република Македонија е македонскиот, кој се заснова на кириличното писмо.

Македонија е земја со висок среден доход и направи големи чекори со конкретни реформи на својата економија во изминатата деценија. Следејќи го силниот економски раст од 2002 до 2008 година во просек од 4,3%, просечниот раст на БДП од 2009 година се намали на 2,1% годишно. Главните двигатели на растот од 2009 година се градежништвото, индустријата и трговијата на големо и на мало.[2]

И покрај побавниот раст во последниве години, имаше подобрувања на пазарот на трудот. Стапката на вработеност постепено се подобруваше, но сеуште е релативно ниска на 44%, што значи дека повеќе од половина од работоспособното население или е невработено или е вон работна способност.[3]

[2] Светска Банка во Република Македонија
http://www.worldbank.org/en/country/macedonia
[3] ibid

Табела 1.

Општи информации	**Податок**
Регион	СИ Европа
Категорија на приход (година)	Висок среден приход
Население (во 000) (2002)	2.1 милиони
Површина (км²) (2017)	25.713
Главен град	Скопје
Макроекономски индикатори	
Бруто домашен производ, во милиони ЕУР (2017)	10,066
Бруто домашен производ, по глава на жител, ЕУР (2017)	4,853
Бруто домашен производ, реален раст, во % (2017)	0.0%
Инфлација (2017)	1.4%
Невработеност според Анкетата (во %) (2017)	22.4%
Плати (просек за периодот, во ЕУР) (2018)	394
Ниво на вработеност, просек (илјади) (2017)	740,648

Околу 40% од населението живее во руралните средини. Во земјоделството во земјата доминираат мали и многу фрагментирани семејни фарми. Извозот на земјоделски производи главно се состои од тутун и производи од тутун, вино, грозје, овошје, раноградинарски зеленчук и јагнињa. Главните трговски партнери се ЕУ, Србија и Црна Гора.[4]

1.2 Одгледување на тутун во Република Македонија

Во Република Македонија постои долга историја и традиција на одгледување и извоз на суров тутун, особено ориентален тип тутун, главно од сортите Прилеп, Јака и Басма. Како таква, Македонија е важен производител на суров тутунов лист и готови цигари во регионот. Производството на тутун има многу важно место во економијата на Македонија, поради економски и социјални причини.[5] Со проценето учество од 3%, Македонија е позиционирана меѓу осумте земји со најголемо производство на тутун во светот. Областа под тутун зафаќа 3,4% од вкупната обработлива површина во земјата, додека површината под енергетски култури претставува околу 81,1% од вкупната површина.[6]

Површината засадена со индустриски култури изнесува 9%[7] од вкупното посеано земјоделско земјиште, додека површината засадена со житни, зеленчукови и фуражни култури изнесува 91%. Тутунот, како една од најважните индустриски култури за земјата, се состои од околу 70% од површините засадени со индустриски култури, и учество од приближно 30% во вкупниот извоз на земјоделски производи што претставува 1% од БДП.

[4] Територијални и природни приоритети на Македонија - важен фактор за развојот на тутунското производство, подготвена од Ромина Кабранова и Златко Арсов, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија, 2009

[5] Секторот за тутун во Република Македонија - Анализа на конкурентност, изготвена од Емељ Туна, 2006, Универзитет СЛУ, Оддел за економија

[6] Центар за соработка за научни истражувања поврзани со тутун - производство на тутун во Македонија, 2016 година

[7] ПОЛЈОДЕЛСТВО, ОВОШТАРСТВО И ЛОЗАРСТВО, Статистички преглед, Земјоделство, 2018, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/5.4.18.01.pdf

Според податоците на Организацијата за храна и земјоделство (FAO), македонското производство на тутун во тони ќе претставува повеќе од 11% од вкупното производство на тутун во ЕУ.[8] Производството на тутун ангажира околу 33.000 земјоделски домаќинства во примарното производство.[9]

Целата тутунска индустрија беше целосно приватизирана уште од почетокот на 1990-тите. Во последниве години се случи преземање на еден од најголемите производители на цигари во земјата (Тутунски комбинат Прилеп) од страна на Philip Morris Inc. Досега не се регистрирани гринфилд инвестиции во тутунскиот сектор.

2. ПОНУДА НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ


2.1 Одгледување на тутун и домашно производство на тутунов лист

Според податоците на Државниот завод за статистика[10], во периодот помеѓу 2000 и 2017 година, годишното просечно производство на тутунов лист изнесувало 24.559 тони со минимални отстапувања во зависност од природните услови и цената на тутунот утврден од тутунските компании. Најголем пад во производството на 17.087 тони се случи во 2008 година (Графикон 1), што се совпадна со светската економска криза. До 2010 година, производството се зајакна, достигнувајќи го својот максимум во последниве години од 30.280 тони, по што накратко се стабилизираше на околу 27.000 тони, а потоа продолжи да опаѓа.[11]

Сите активности и процеси поврзани со производството се регулирани со Законот за тутун и тутунски производи. Според одредбите на овој закон, на производителите на тутун им е дозволено да користат само сертифициран семенски материјал, а единствената овластена институција за производство на таков материјал е Научниот институт за тутун во Прилеп.

[8] Анализа на конкурентност на под-секторот за тутун во Република Македонија, изготвена од Емељ Туна, Ненад Георгиев, Марина Нацка, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија, 2013
[9] ibid
[10] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Zemjodelstvo__RastitelnoProizvodstvo/175_RastPro_Reg_ZitaIndustr_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef
[11] Анализа на конкурентност на под-секторот за тутун во Република Македонија, изготвена од Емељ Туна, Ненад Георгиев, Марина Нацка, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија, 2013

Графикон 1: Производство на тутунов лист 2000-2017 година, во тони



Извор: Државен завод за статистика на РМ

Производството на тутунов лист во Македонија традиционално е насочено кон извоз на светскиот пазар, особено откако земјата стекна независност. Овој тренд беше зајакнат по 2000 година, при што 90% од тутунот се извезуваше на светскиот пазар, а останатите 10% се користат за домашно производство на цигари.[12]

Од аспект на човечките ресурси, тутунот е трудово-интензивна култура која генерално се произведува од рурални семејни претпријатија. Производството на тутун моментално ангажира околу 33.000 земјоделски домаќинства (производители на тутун) во примарното производство. Неповолната страна на ова е традицијата која ги поврзува тутунарите со овој вид на производство, поради недостаток на алтернативни вештини, дури и кога постојат неповолни пазарни услови и активни кампањи за намалување на производството на тутун.[13]

Производството на ферментиран тутун зависи од степенот до кој е субвенциониран видот на одгледување. Од 2007 до 2017 година, субвенцијата за одгледување на тутун се движеше од 30 до 60 денари по килограм (0,5-1,0 ЕУР), што го поддржа зголемувањето на производството во 2010 и наредните години, со извесни осцилации подоцна. Во 2017 година, новата влада објави дека локалните земјоделци ќе бидат субвенционирани со 60 до 80 денари (1,0 до 1,3 ЕУР) за килограм, во зависност од класата на тутун.[14] Според податоците на Стопанската комора на Македонија[15], во 2017

[12] Квантитативни генетски истражувања на некои важни особини во тутунските сорти и нивните дијалелни еднонасочни и повратно-вкрстени генерации, изготвени од Ана Корубин Алексоска; Научен институт за тутун - Прилеп, Република Македонија, SSN 0494-3244 Тутун/Tobacco,Vol. 66, No 7-12, 3-11, 2016 UDC: 633.71-152.75:575.113.2(497.775)"2014/2015" Оригинален научен труд

[13] ibid


[14] Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

[15] Државен завод за статистика на РМ, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Zemjodelstvo__Rastit

година Владата на Македонија има исплатено околу 23,3 милиони евра субвенции на локалните одгледувачи на тутун врз основа на 29,354 договори.[16] Оваа мерка се смета за голема поддршка и одржување на конкурентноста за земјоделците на регионалниот и глобалниот пазар.

Сепак, податоците од графиконот 1 и графиконот 2 сугерираат дека и покрај зголемениот износ на државни субвенции за одгледувачите на тутун, производството на ферментиран тутунов лист и бројот на одгледувачи на тутун се намалени.

Графикон 2: Производители на тутунов лист 2000-2017 година, вкупен број домаќинства



Извор: Стопанска комора на Македонија

Значењето на производството на тутун во Македонија може да се забележи во бројот на регистрирани производители, односно семејства што произведуваат тутун.[17] Графиконот 2 го претставува осцилирачкиот тренд во бројот на производители на тутунов лист помеѓу 2000 и 2017 година. Во просек 33.000 регистрирани домаќинства се ангажирани во производството на тутун годишно, што значи дека има околу 130.000 лица кои се занимаваат со производство на тутун. Овој број претставува околу 6,5% од вкупното население во Македонија. Главните фактори кои придонесуваат за осцилации во бројот на производители на тутунов лист се временските


elnoProizvodstvo/175_RastPro_Reg_ZitaIndustr_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[16] Стопанска комора на Македонија, Податоци за индустријата, Здружение на производители на тутун и тутунски производи

[17] Состојба на производство на тутун во Република Македонија, подготвен од Кирил Филипоски, Миле Пешевски, Драгиќ Живковиќ, Блаже Филипоски, УДК 663.97 (497.7), 2011

услови, промените на цените на набавките и висината на субвенциите, како и глобалната побарувачка за тутун.[18]
На графиконот 3 се прикажани податоците за вкупно хектари земјиште што се користи за тутунски култури од 2000 до 2017 година. Како што е очигледно од графиконот, вкупните површини со тутун од 2000 до 2017 година беа стабилни, а просечната површина за одгледување на тутун во Македонија во истиот период беше 17.686 ха. Со просечен принос од 1.315 кг/ха, просечното годишно производство за истиот период изнесуваше 24.559 тони ориентален тутун.[19]

Графикон 3: Земјиште користено за одгледување тутунски култури 2000-2017 година, во хектари



Извор: Државен завод за статистика на РМ

2.2 Увоз и извоз на тутун (суров тутун)


Според податоците на Државниот завод за статистика[20] претставени во Графикон 4, помеѓу 2001 и 2017 година, вкупната количина на извоз на суров тутун се зголемила од 15.358 тони во 2001 година на 27.318 тони во 2017 година. Главната причина за значителниот пораст на извозот на суров тутун во 2006 година беше зголемената странска побарувачка за тутун. Овие зголемувања беа одговор на зголемената побарувачка од земјите што се традиционални извозни пазари за суровиот тутун во Македонија. Генерално, извозот на македонски тутун во голема мера зависи од побарувачката од странските пазари.

Вкупната количина на увоз на суров тутун се зголемила од 2,693 тони во 2001 година на 4,174 тони во 2017 година (Графикон 4). Главната причина

[18] Бизнис Инфо – https://bi.mk/privrshuva-otkupot-na-tutunot-vo-bitol/ (2013)
[19] Државен завод за статистика, Статистички годишен извештај 2017
[20] Државен завод за статистика http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=84dcf0ce-9408-4bcf-bcd7-2027a0857118

за ова зголемување на увезениот суров тутун беше реализацијата на заедничко вложување во Прилеп, помеѓу Тутунски Комбинат Прилеп и Philip Morris Inc., што резултираше со значително зголемување на домашното производство на цигари. Ова главно се должи на фактот дека марката на цигари Marlboro почна да се произведува од страна на ТК Прилеп во 2016 година.[21]

Графикон 4: Вкупна количина на извоз и увоз на тутун (суров тутун) (000 тони)



Извор: Државен завод за статистика (база на податоци MAK-STAT)

2.3 Малопродажба на тутунски производи

Традиционалните колонијални продавници доминираат во дистрибуцијата на тутунски производи во Македонија, вклучувајќи ги и цигарите. Независните мали колонијални продавници и киосците за весници и цигари се двата најголеми дистрибутивни канали за цигари во Македонија, како во однос на малопродажбата, така и во однос на вредноста. Современите продавници за намирници, како што се супермаркетите и хипермаркетите, како продолжуваат локално да се шират, така го зголемуваат уделот за дистрибуција. Независните мали колонијални продавници на мало имаат корист од нивната близина до најголемиот дел од потрошувачите и пушачите на цигари кои често импулсивно купуваат цигари. Од друга страна, во дистрибуцијата на пури и цигарилоси доминираат неколку специјализирани продавници за тутун, од кои повеќето се сместени во главниот град Скопје. Во последниве години, супермаркетите и хипермаркетите почнаа да продаваат тутунски производи за пушење (ситно сецкан тутун и тутун за


[21]Сител, Македонска национална телевизија, https://sitel.com.mk/nova-marlboro-ponuda-proizvedena-vo-makedonija-0

луле). Се очекува ова веројатно дополнително да ја зголеми продажбата на тутун за пушење, како дополнување на зголемената продажба преку независни киосци. Најголем дел од потрошувачите во Македонија купуваат производи на пареа на интернет. Малите киосци и франшизи исто така имаат тенденција да продаваат извесни количини производи на пареа во Македонија. Пазарот на загреани тутунски производи останува неразвиен.

2.4 Вработени во тутунска индустрија (компании за производство на цигари)

Според Државниот завод за статистика[22, 23], во 2017 година во тутунската индустрија се вработени 1.370 лица, што е 1% од вкупно вработените лица во производство во земјата.[24] Графиконот 5 покажува дека бројот на вработени лица во индустријата опаѓал во споредба со раните 2000-ти години, поради преструктуирање на компаниите и неодамнешните преземања на домашните компании за производство на тутун од страна на глобалните играчи во тутунскиот сектор.

Графикон 5: Број на вработени во производство на тутунски производи (вкупен бр.вработени)



Извор: Државен завод за статистика


[22]Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=50&rbrObl=14
[23] http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23
[24] База на податоци MAKstat http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/en/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/475_PazTrud_Mk_07Sektori2_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

2.5 Цигари

2.5.1. Домашно производство на цигари

Според Државниот завод за статистика на Република Македонија[25], во 2017 година се произведени 4,1 милијарди цигари на домашен пазар. Графиконот 6 покажува дека домашното производство постојано се намалува, поради осцилациите на побарувачката од други земји, како и поради некои големи преструктуирања во делот на големите сопственици на глобални марки чии производствени капацитети работат во земјата.

Графикон 6: Вкупен број на цигари произведени во земјата (милијарди парчиња)




Извор: Државен завод за статистика

2.5.2. Увоз и извоз на цигари

Како што покажува Графикон 7, почнувајќи од 2011 година, домашното производство на цигари се намалува, додека увозот значително се зголемува, што укажува на тоа дека домашните марки се заменуваат со увезените странски марки на цигари.

[25] Државен завод за статистика
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=8&rbrObl=19

Графикон 7: Број на цигари – производство, извоз, увоз (милиони парчиња)




Извор: Државен завод за статистика

Примарната причина за зголемувањето на увозот на цигари во овој период е пазарната активност на водечките светски сопственици на марки кои се присутни на пазарот во Македонија. Овие меѓународни компании, особено по неодамнешните преземања на локалните компании за производство на цигари, имаа тенденција да го зголемат увозот на сопствените марки на цигари, со постепено напуштање на домашните цигари. Еден пример за тоа беше купувањето на British American Tobacco во 2015 година, на третиот по големина играч на пазарот во тоа време, TDR Rovinj. Поголемиот дел од марките на цигари кои претходно биле во сопственост на ТДР, постепено се заменуваа со марки на цигари од BAT, бидејќи компанијата успеа да го зголеми присуството на пазарот и да се искачи на втората позиција.

Во 2017 година, Србија беше најголемиот снабдувач на цигари во Македонија со најголем обем на увоз (1.489 тони), потоа Германија (421 тони) и Хрватска (368 тони) (Графикон 8). Други земји од кои Македонија увезува цигари се: Полска, се мери со увозот од Србија, Германија и Хрватска.


Графикон 8: Обем на увоз на цигари во Македонија, по земји, во 2017 година, во килограми



Извор: Државен завод за статистика (база на податоци MAK STAT)

Од друга страна, во 2017 година Русија беше водечки извозен пазар за цигари од Македонија со најголем обем на извоз (1,331 тони), потоа Србија (380 тони) и Босна и Херцеговина (211 тони) (Графикон 9). Другите земји во кои Македонија извезувала цигари во 2017 година се: Косово, Словенија, Албанија и Хрватска.

Графикон 9: Вкупен обем на извоз на цигари од Македонија, по земји, во 2017 година, во килограми




Извор: Државен завод за статистика (база на податоци MAK STAT)

2.5.3. Продажба на цигари и најнови трендови

Периодот помеѓу 2000 и 2005 година се карактеризираше со годишен пораст на продадени цигари. Во јануари 2006 година, имаше пораст на цената на тутунските производи од 21,6%, што следеше по зголемување на акцизата за цигари за 10% во јануари 2006 година, во согласност со директивите на ЕУ. Дополнително, се воведе нов надоместок за производство или увоз на тутунски производи[26] во износ од 0,15 денари по парче (т.е. 3 денари по кутија).[27] Како последица на овој остар пораст на цената на цигарите, до крајот на 2006 година забележан е остар пад на бројот на продадени цигари. Слично на тоа, од 2014 до 2017 година, имаше пад на бројот на продадени цигари на годишно ниво поради новите стапки на акциза, кои беа применети во 2013 и 2014 година.

[26] Согласно Законот за здравствена заштита и одредбите од Законот за животна средина (од 1 јануари 2006 година) и Законот за тутун (од 1 април 2006 година)
[27] Годишен извештај за 2006 година, Народна банка на Република Македонија

Графикон 10: Вкупен број на продадени цигари на годишно ниво (милиони парчиња)



Извор: Државен завод за статистика (метод на очигледна потрошувачка)

2.5.4. Клучни компании (играчи) на пазарот за цигари

Графикон 11, базиран на податоците од Централниот регистар на Македонија,[28] го покажува годишниот обрт на клучните компании (играчи) на пазарот во 2016 година. Тој покажува дека Империјал Тобако ТКС АД, подружница на Imperial Brands Plc., беше главен играч на пазарот на цигари во Македонија во 2016 година во услови на вредност и обем.[29] Компанијата продава разновидни марки на цигари предводени од Родео, BOSS и Davidoff. Уделот на Империал Тобако ТКС АД претрпе значителен пад од 2014 до 2016 година. На пример, нејзиното учество во обемот во 2016 година значеше значителен пад во однос на обемот во 2014 година.[30] Една од главните причини за овој пад беше силниот конкурентски притисок од играчи како што се ТДР Скопје ДООЕЛ, нејзиниот нов национален и глобален сопственик British American Tobacco, како и Japan Tobacco International, претставена од Прима МК ДОО.

Вториот најважен играч на пазарот на цигари во Македонија со брз пораст на уделот и во обем и во вредност, е British American Tobacco, кое по преземањето на TDR и Adris Group (вклучувајќи ја и македонската филијала ТДР Скопје ДООЕЛ)[31] ја консолидира својата позиција на пазарот и

[28] Централен Регистар на Република Македонија, http://www.crm.com.mk/DS/
[29] Капитал, Македонски весник, https://kapital.mk/robert-beresh-imperial-tobako-lideri-sme-na-pazarot-toa-e-uspeh-no-i-odgovornost/
[30] Централен Регистар на Република Македонија
[31] Balkan Insight, http://www.balkaninsight.com/en/article/biggest-croatian-tobacco-company-sold-to-british-buyers (2015)


значително го подобри својот ранг во 2016 година. До 2016 година, ТДР Скопје ДООЕЛ, филијала на TDR Rovinj и Adris Group базирана во Македонија, постојано се рангираше на трето место.

По преземањето од страна на British American Tobacco Plc (BAT), ТДР ја обезбеди втората позиција, успевајќи значително да го зголеми својот удел на пазарот. Од 2017 година, покрај своите марки на цигари што првично се натпреварувааа на пазарот, British American Tobacco Plc ја презеде целосната сопственост врз марките на цигари на TDR. Неколку од водечките марки на TDR се заменети со сопствени марки на BAT, што доведе до огромно зголемување на уделот и дополнително намалување на јазот во уделот со Империјал Тобако ТКС АД Скопје.

Заедничкото вложување помеѓу Тутунски Комбинат Прилеп и Philip Morris Inc., резултираше со значително зголемување на домашното производство на цигари, следејќи го првичниот пад во 2016 година, кога домашното производство се намалуваше неколку последователни години. Марката на цигари Marlboro сега се произведува во македонскиот град Прилеп.[32] Во текот на овој период, домашните компании за производство на тутун ја изгубија својата доминација на пазарот и сега сочинуваат половина од уделот во вкупното производство на цигари во 2017 година, додека преостанатата половина се чисто увезени марки на цигари.[33]

Врз основа на годишниот обрт[34], Империал Тобако ТКС АД, односно Imperial Brands Plc, е лидер на пазарот за цигари со вкупна продажба во износ од 38,8 милиони евра во 2016 година. По преземањето од British American Tobacco (BAT), ТДР Скопје ДООЕЛ која сеуште е регистрирана под старото име, но многу наскоро може да биде преименувана, се рангира на второ место со вкупна продажба во износ од 36,7 милиони евра. Други позначајни играчи се Прима МК и Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО.


Графикон 11: Годишен промет на клучните компании на пазарот во 2016 година (милиони евра)



Извор: Централен Регистар на РМ

[32] Сител, национална телевизија, https://sitel.com.mk/nova-marlboro-ponuda-proizvedena-vo-makedonija-0
[33] Државен завод за статистика, Годишен извештај, (база на податоци *MAK STAT)*
[34] Централен Регистар на РМ, http://www.crm.com.mk/DS/

Графикон 12: Годишен промет на клучните учесници на пазарот на цигари во периодот 2014-2016 година (вредност во милиони евра)



Извор: Централен Регистар на РМ

Според графиконот 12, четирите клучни учесници на пазарот на цигари во Македонија покажуваат растечки тренд на годишниот промет од 2014 до 2016 година, и полека заземаат поголеми пазарни удели. Само Империал Тобако ТКС АД остварил намален промет помеѓу 2012 и 2016 година. Една од главните причини за овој пад е силниот притисок на конкурентите како што се ТДР Скопје ДООЕЛ и нејзиниот нов национален и глобален сопственик British American Tobacco, како и Japan Tobacco International претставена од Прима МК ДОО.[35]

2.6 Пури, цигарилоси и тутун за пушење (ситно сецкан и тутун за луле)

Во Македонија нема домашни производители на пури, цигарилоси и тутун за пушење, и сите производи и марки се увезуваат. Во 2017 година, пурите, цигарилосите и тутунот за пушење остварија 21% раст на малопродажната вредност, за да стигнат до сегашна малопродажна вредност од 1,4 милиони евра. Во услови на обем, пурите изнесуваа 9%, а цигарилосите 8%. Тутунот за пушење достигна 58% раст на обемот.[36]

Некогаш многу популарно, популарноста на пушењето на тутун во Македонија постепено се намалуваше во 50-тите и 60-тите години од минатиот век, бидејќи индустриски произведените цигари го презедоа пазарот на тутун во поранешна Југославија. Како резултат на тоа, немаше никакво домашно производство на тутун за самостојно виткање цигари (ситно сецкан тутун) или тутун за луле во Македонија, наменето за малопродажба или извоз. Иако некои од домашните компании произведуваат


[35]Централен Регистар на РМ
[36] IMEX DATA ДООЕЛ Скопје врза база на извори: Централен Регистар на РМ, Државен завод за статистика, база на податоци MAK-STAT

ферментиран тутунов лист, тие ги извезуваат сите свои производи во странство. Не се произведуваат пакувани производи и марки на тутун за пушење на локалниот пазар.

Сепак, во 2017 година, тутунот за пушење ги надмина пурите и цигарилосите бидејќи потрошувачите заради економичност се свртеа кон ситно сецканиот тутун. Помеѓу 2010 и 2017 година, тутунот за пушење доживеа стабилен раст во обем, во просек 140% годишно (графикон 13).[37] Ова е резултат на зголемената домашна побарувачка и фактот дека во Македонија нема ниту една фабрика која произведува ситно сецкан тутун. Оттука, целокупната домашна побарувачка мора да биде задоволена со увоз. И покрај овие движења, вредноста на уделите на сите овие категории ќе остане многу мала на ниво на категоријата тутун.

Во 2017 година, најголемиот дел од увезениот тутун за пушење доаѓа од Белгија и Германија, додека многу помал увоз на тутун за пушење доаѓа од земји како што се Ирска, Данска и Холандија (графикон 14).


Графикон 13: Вкупен увоз на тутун за пушење 2010-2017година



Извор: Државен завод за статистика база на податоци (MAK STAT)


[37] Државен завод за статистика база на податоци (MAK STAT)

Графикон 14: Вкупен увоз на тутун за пушење во 2017 година по земја, во евра



Извор: Државен завод за статистика база на податоци (MAK STAT)

Графикон 15: Вкупен увоз на пури и цигарилоси 2010-2017 година




Извор: Државен завод за статистика база на податоци (MAK STAT)

Како што е прикажано на Графиконот 15, според податоците на Државниот завод за статистика,[38] вкупната вредност на увозот на пури и цигарилоси се зголемила од 6.000 евра во 2010 година на 221.013 евра во 2017 година. Обемот на увозот исто така се зголемил од 534 клограми во 2010 година на 1.636 клограми во 2017 година. Во 2017 година, најголемиот дел од увезените пури и цигарилоси доаѓаат од Куба, а потоа следат Малта,

[38] Државен завод за статистика
http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=108&rbrObl=26

Доминиканската Република, Италија и Германија. Занемарлив увоз доаѓа од земји како што се Никарагва, Хондурас и Холандија[39] (графикон 16).

Графикон 16: Вкупен увоз на пури и цигарилоси во 2017 година по земја, во евра



Извор: Државен завод за статистика база на податоци (MAK STAT)

3. ПОБАРУВАЧКА ЗА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

3.1 Преваленца на пушење


Преваленцата на пушењето во Македонија постепено се намалува. Со вкупно 571.000 пушачи, преваленцата на пушење изнесува околу 35% во 2017 година.[40] Македонија е меѓу највисоко рангираните држави на глобално ниво[41] базирано на преваленцата на пушење и вкупниот број на цигари испушени дневно по пушач (Графикон 17).

[39]http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/search/?searchquery=%u0443%u0432%u043e%u0437+%u0438%u0437%u0432%u043e%u0437&rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[40]Пресметки на авторот врз основа на податоци од Институт за јавно здравје на Македонија, проценки на СЗО и проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје http://www.healthdata.org/sites/default/files/files/research_articles/2014/JAMA_Smoking_prevalence_and_cigarette_consumption_in_187_countries_1980-2012.pdf

[41] http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf; https://www.telegraph.co.uk/travel/maps-and-graphics/world-according-to-tobacco-consumption/


Графикон 17: Вкупен број на пушачи во 000 (2000 – 2017 година)



Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци од Институт за јавно здравје на Македонија, проценки на СЗО и проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје

Од 2000 година до 2017 година, преваленцата на пушење умерено се намалува. Во 2017 година, врз основа на проценети податоци, преваленцата на пушење изнесуваше 35%.[42] Во 2017 година, од вкупниот број пушачи во Македонија, 304.000 се мажи, а 267.000 се жени. Преваленцата на пушење кај мажите беше повисока и изнесуваше 37%, а помала кај жените и изнесуваше 32%.[43] (Графикон 18)

Графикон 18: Преваленца на пушење кај мажи и жени (2000 – 2017 година)



Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци од Институт за јавно здравје на


[42] Глобален весник за медицина и јавно здравје; http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf;http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

[43] Проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје, врз основа на повеќе извори, вклучувајќи го Институтот за јавно здравје на Македонија, проценки на СЗО, http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf; http://www.healthdata.org/sites/default/files/files/research_articles/2014/JAMA_Smoking_prevalence_and_cigarette_consumption_in_187_countries_1980-2012.pdf; https://www.rferl.org/a/balkans-serbia-montenegro-macedonia-bosnia-smoking-bucks-global-trend/28822326.html

Македонија, проценки на СЗО и проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје, Глобален весник за медицина и јавно здравје; http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf;http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

Преваленцата на пушење неодамна забележа умерен пад кај жените и мажите. Ова првенствено се должи на фактори како што се зголемување на цените на цигарите, како и подобрена едукација и здравствена свест за негативните ефекти од пушењето врз здравјето на луѓето.

Графикон 19: Просечен број на цигари испушени дневно по пушач 2000 – 2017 година




Извор: Пресметки на авторот врз основа на податоци од Институт за јавно здравје на Македонија, проценки на СЗО и проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје, Глобален весник за медицина и јавно здравје; http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf;http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

Додека преваленцата на пушењето продолжува да опаѓа, просечниот број на цигари испушени дневно по пушач останува прилично стабилен (Графикон 19). Во 2017 година, просечниот пушач во Македонија пушел 21,3 цигари дневно.[44]

Трендот од Графиконот 19 се совпаѓа со трендот на продадени цигари (Графикон 20), покажувајќи го истиот голем пад на цигарите испушени дневно по пушач во 2006 година. Ова се должи на драстичното зголемување на цената на цигарите во јануари 2006 година; па оттука и големиот пад на бројот на цигари што се продаваат кон крајот на 2006 година.

[44] Пресметки на авторот врз основа на податоци од Институт за јавно здравје на Македонија, проценки на СЗО и проценки на IMEX DATA ДООЕЛ Скопје, Глобален весник за медицина и јавно здравје; http://www.gjmedph.com/uploads/O3%20-Vo3No4.pdf;http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

Графикон 20: Годишна потрошувачка на цигари по глава на жител 2000 – 2017 година (во парчиња)



Извор: Државен завод за статистика (метод на проценета потрошувачка)[45]

Графиконот 20 покажува дека годишната потрошувачка на цигари по глава на жител помеѓу 2000 и 2017 осцилирала околу трендот на умерено зголемување. Во 2006 година забележан е значителен пад во годишната потрошувачка на цигари по глава на жител, што следеше по просечното зголемување на цените на тутунските производи од 21,6%, по зголемување на акцизата за цигари од 10% и воведување на нова такса од 0,15 денари по парче за секоја произведена или увезена тутунска цигара (т.е. 3 денари по кутија).[46] Како последица на големиот пораст на цената на цигарите, на крајот на 2006 година се забележува голем пад на годишната потрошувачка на цигари по глава на жител.

Трендот на зголемување помеѓу 2010 и 2017 година може да се објасни со зголемените прекугранични купувања на цигари од страна на туристи од соседните земји, особено Грција, Бугарија и Косово со значително повисоки цени на цигарите. Ова се совпаѓа со регулативите на ЕУ - Заедничката земјоделска политика - ЗЗП (Common Agricultural Policy - CAP). Помеѓу 2007 и 2013 година, имаше големи промени во политиката на ЕУ за производство на тутун, што доведе до нагло намалување на производството на тутун во сите земји-членки, а особено во соседните Грција и Бугарија.[47]

3.2 Минимална возраст за пушење

Според членот 5 од Законот за заштита од пушење, законската возраст за пушење во Македонија е 18 години. Не постојат уставни или законски основи за ниту едно државно тело во Македонија да ја зголеми минималната законска возраст за пушење, бидејќи секој таков потег ќе се смета за дискриминаторски за младите возрасни лица. Оттука, многу е неверојатно

[45] http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast_en.aspx?id=2&rbrObl=13
[46] Годишен извештај за 2006 година, Народна Банка на Република Македонија
[47] https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/key-policies/common-agricultural-policy/cap-glance_en

дека законската возраст за пушење има шанса да биде преместена над или под 18-годишна возраст во догледна иднина.

Како што е случај и во другите земји, Владата на Република Македонија донесе закони и мерки за спречување на продажбата на тутунски производи на малолетници (под 18-годишна возраст). Имајќи го ова предвид, машините за самопослужување (вендинг машини) за тутунските производи се строго забранети во Македонија. Трговијата со тутунски производи преку Интернет не е забранета сама по себе, туку е предмет на строга законска регулатива, со која се уредува и забранува продажба на малолетници. Членот 9 од Законот за заштита од пушењето наведува дека правните лица и лицата за кои е утврдено дека се во спротивност со законот, ќе се соочат со парични казни помеѓу 2.000 и 4.500 евра. Секој родител или старател на малолетник исто така ќе се казни со парична казна од 500 до 1.000 евра. Овие парични казни се однесуваат на голем број прекршувања на законот, вклучувајќи продажба на тутунски производи на малолетни лица.

3.3 Потрошувачка на тутун кај младите

Преваленцата на пушење кај младите во Македонија особено е загрижувачка.[48] Најранлива популација е помеѓу 13 и 17 години. Владата на Република Македонија презема мерки за решавање на овој проблем, иако досега имаа ограничен успех. Беа спроведени национални спонзорирани кампањи со цел да се информира јавноста и да се спречи пушењето на малолетници, како и да се намали преваленцата на пушење кај малолетни лица.

Во Македонија постои посебно владино тело, Агенција за млади и спорт, која во последниве години континуирано ги поттикнува младите да прифатат здрав животен стил и да учествуваат во спортот. Значи, постои очигледен тренд на зголемување на фокусот врз здравјето и добросостојбата од страна на помладите генерации кои имаат тенденција да водат поздрав начин на живот и се повеќе ентузијасти за спорт и добросостојба.

Според оваа Агенција, здравствената свест за негативните ефекти од пушењето кај младите во Македонија во последниве години се зголемува. Со развојот на социјалните медиуми, многу потрошувачи сé повеќе се свесни за сериозните опасности по здравјето поврзани со пушењето и консумирањето на тутун. Медиумските кампањи спонзорирани од владата придонесуваат за дополнително зголемување на јавната свест во врска со консумирањето на тутун. Јавната свест за штетните ефекти од пушењето врз здравјето на луѓето (и активното и пасивното пушење) и проактивниот современ начин на живот ќе продолжат да влијаат на ставовите и навиките на потрошувачите.

Во Македонија се спроведени три серии на истражувања за преваленца на пушењето кај младите: Европски проект за истражување за алкохол и други дроги во школите (European School Survey Project on Alcohol and other Drugs - ESPAD), Студија за проучување на однесување на учениците кон здравјето (Health Behavior School Children Study - HBSC) и Глобално истражување за тутун кај младите (Global Youth Tobacco Survey - GYTS). Досега, во

[48] http://iph.mk/wp-content/uploads/2018/06/GYTS-publikacija-en-2016-finale.pdf

Република Македонија, истражувањето на ESPAD е спроведено четири пати: во 1999, 2008, 2012 (само на територијата на градот Скопје) и 2015 година.[49]

Според ESPAD од 2008 година, пушењето кај малолетни лица во Македонија е широко распространето. Околу 43% од малолетниците на возраст од 16 години и помалку пушеле барем еднаш во својот живот, додека околу 13% пушат најмалку една цигара дневно. "Глобалната студија за истражување на здравјето на учениците" од 2008 година покажа дека 14% од малолетниците на возраст од 12 до 16 години пушеле барем еднаш во последниот календарски месец. Студијата, исто така укажа на охрабрувачки тренд во однос на изложеноста на тутун кај младите, при што 67% од младите се изложени на чад од тутун на јавни места во 2008 година, што беше значително помало во споредба со 2002 година. Според најновата ESPAD студија[50] во 2015 година, процентот на малолетни лица кои пушеле најмалку еднаш во својот живот опаднал на 38,4%, додека оние кои одговориле дека пушеле еднаш до два пати во својот живот изнесува 14,7%. Според оваа студија, најголем дел од младите луѓе започнуваат да пушат на возраст од 15 години. Во споредба со претходните години, бројот на млади луѓе кои користат цигари се намалува. Преваленцата на пушење се намали од 57,6% во 1999 година на 38,4% во 2015 година.

3.4 Општествено прифаќање на пушењето

Општо земено, нивото на општествено прифаќање на пушењето во Македонија е доста високо. Меѓутоа, во последниве години има тренд на менување на животниот стил и зголемена јавна свест и фокус на здравјето и добросостојбата, што придонесе за зголемување на бројот на непушачи. Ова стана преовладувачки тренд, бидејќи повеќе луѓе бараат непушачка околина и поздрав воздух и околина.

Еден од фактите што го потврдија општественото прифаќање на пушењето е најновата промена на Законот за заштита од пушење. Новоизбраната влада го измени законот и ја ублажи забраната за пушење, дозволувајќи пушење на определени места за пушење и отворени тераси.[51] Потегот всушност беше добредојден за огромното мнозинство пушачи и секторот на HoReCa (хотели, ресторани, кафетерии).[52] Непушачите, па дури и некои од пушачите ја гледаат оваа мерка како ретроградна, со потенцијално идно негативно влијание врз целокупното здравје и добросостојбата на нацијата.

[49] Институт за јавно здравје, http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

[50] Институт за јавно здравје, http://iph.mk/wp-content/uploads/2016/12/ESPAD-izvestaj-final-final.compressed.pdf

[51] https://www.slobodenpecat.mk/makedonija/ne-se-trga-zabranata-tuku-se-dozvoluva-pushene-vo-najlon-terasite/

[52] http://www.ohridnet.com/vesti/makedonija/11084-ugostitelite-baraat-izmeni-vo-zakonot-protiv-pushenje

4. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ТУТУН И ЦЕНОВНИ ПОЛИТИКИ

4.1 Институционална рамка и рамка на политика

Законодавната рамка во Македонија која го регулира тутунот и тутунските производи се состои од неколку закони и политики за контрола на тутунот. Примарната цел на овие регулативи е ограничување на недозволената трговија, спречување на продажба на тутун на малолетници, подобрување на наплатата на даноците и прилагодување на акцизите, како и наметнување поголема финансиска дисциплина на локалните трговци и на големите домашни и меѓународни производители во земјата.

Постојат соодветни закони кои го регулираат производството, дистрибуцијата, пакувањето и имплементирањето на здравствени предупредувања за тутунските производи и суровиот тутун. Дополнително, постојат закони кои се однесуваат на одаочувањето специфично за тутунот и пушењето воопшто. Овие закони вклучуваат:

- Закон за тутун и тутунски производи (Службен весник 24/06, 88/08, 31/10, 36/11,53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14 193/15, 213/15 и 39/16)
- Закон за заштита од пушење (Службен весник 36/1995, 70/03, 29/04, 37/05, 6/07, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18)
- Закон за акцизи (Службен весник 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08,105/09, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14, 167/2014, 188/2014, 129/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 31/2016, 171/2017 и 120/2018)
- Закон за заштита на животната средина (Службен весник 53/2005, 81/2005, 3 одлуки 2006,24/2007, 159/2008, 83/2009, одлука 2009, 47/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016)
- Закон за здравствена заштита (Службен весник 43/2012, 145/2012, 10/2013, одлука 2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, одлука 2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, одлука 2017)
- Закон за радиодифузија (Службен весник 100/2005, 19/2007, одлука 2007. Одлука 2008, 103/2008, 152/2008, 6/2010, одлука 2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012, 72/2013).

Политиката за контрола на тутунот во Република Македонија има три главни цели: унапредување на здравјето, заштита на граѓаните од употреба на тутун и интегриран системски и родово сензитивен пристап во креирање политики на национално и локално ниво што ќе одговара на специфичните потреби и правата на граѓаните.[53]

Институционалната поставеност и распределбата на надлежностите сè уште ја прават дезинтегрирана оваа комплексна активност. Ова се рефлектира во

[53] ШТЕТНИТЕ ЕФЕКТИ ОД УПОТРЕБАТА НА ТУТУН - ПРЕДИЗВИК ЗА МЕЃУСЕКТОРСКА СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНО НИВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, подготвена од Елена Ќосевска, Весник за европски прашања, јуни 2017

недоволното вклучување и координација на различни институции и оддели: Министерството за финансии, Царинската управа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование Бирото за развој на образованието, Министерството за локална самоуправа, Институтот за јавно здравје и 10-те центри за јавно здравје. Постигнување високо ниво на правилно однесување кон здравјето бара силна соработка меѓу јавното здравје, здравствениот сектор и другите сектори, особено секторот за образование и наука. Затоа, секторот за јавно здравје треба да одигра клучна улога во градењето заедница на различни партнери и засегнати страни кои имаат слични цели и одговорности.[54]

Во минатото, Владата на Република Македонија спроведе масовни елаборирани кампањи и активности во медиумите со цел промовирање на поздрав начин на живот со изложување на штетните ефекти од пушењето и подигнување на јавната свест за придобивките од престанок со пушењето. Некои од овие активности се во директна корелација со процесот на приближување на локалното законодавство кон законодавството на ЕУ како предуслов за (идно) членство на земјата во ЕУ, познато како Acquis Communautaire.

4.3 Мерки за контрола на тутун

4.3.1 Ратификација на Рамковната конвенција за контрола на тутун (Framework Convention on Tobacco Control - FCTC)

Република Македонија е една од 168-те земји во светот која ја ратификуваше Рамковната конвенција за контрола на тутун на СЗО во 2006 година.[55] Земјата внимателно ги следеше препораките на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО, а од јануари 2010 година спроведе строги мерки за рекламирање на тутун и пушење. Забраната за пушење беше воведена во сите јавни места, вклучувајќи ги баровите и ресторaните.[56] Во септември 2009 година, во согласност со директивата на ЕУ 2001/37/ЕС, задолжителни станаа предупредувањата за здравјето со слики во боја на кутиите со цигари. Спроведувањето на овие закони ја става Македонија како една од највисокорангираните држави во балканскиот регион која спроведе такви строги мерки против пушењето.

Паралелно со овие процеси, Владата продолжи да го поддржува и субвенционира одгледувањето на тутун.[57] Ова ја стави земјата во незгодна позиција: да ги балансира барањата на политиките на ЕУ и на СЗО, со цел

[54] ibid
[55] Закон за ратификација на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, Службен весник на Република Македонија" број 68, 2006
[56] Закон за заштита од пушење
[57] Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, достапна на http://investinmacedonia.com/files/recources_files/2731/AGRO%20web.pdf

да се заштити населението од штетните ефекти од пушењето, додека продолжува да го поддржува производството на тутун.[58]

4.3.2 Графички здравствени предупредувања

Од воведувањето на првиот Закон за заштита од пушење во 1995 година, здравствените предупредувања претставуваат составен дел на регулативата за тутун во Македонија. Членовите 41 до 43 од Законот за тутун и тутунски производи од 2006 година ја регулираат продажбата на тутунски производи и забрануваат продажба на овие производи без печатење на здравствено предупредување на кутијата. Овие членови, исто така ги пропишуваат деталните стандарди кои мора да ги исполнат печатените предупредувања пред да се пуштат кутиите во продажба. Законот за тутун и тутунски производи воведе графички здравствени предупредувања за пакувањата со тутун на 24 јануари 2010 година.

Пропратната директивата од Министерството за здравство обезбеди некои основни насоки за тоа како треба да се спроведе законот, вклучувајќи ги и спецификациите за тоа кои графички слики на заболени органи треба да се користат.

Како што е препорачано во директивата на ЕУ 2001/37/ЕС, македонскиот закон бара да се отпечатат две предупредувања за здравјето на тутунските производи наменети за продажба, еден општ и еден дополнителен, на предната и задната страна на секоја кутија. На самата кутија цигари, општите предупредувања мора да опфаќаат најмалку 30% од предниот дел на кутијата, додека дополнителните предупредувања треба да опфаќаат најмалку 40% од задната страна. За други пакувани производи од тутун со видлива површина од над 75 см2, на предната и задната страна на пакувањето мора да се испечатат здравствени предупредувања што опфаќаат најмалку 23 см2. Предупредувањата исто така треба да бидат испечатени во претходно дефиниран задебелен црн фонт на начин што спречува нивно покривање или оштетување.

Дополнителни предупредувања за здравјето испечатени на предниот дел од секоја кутија мора да ја прикажуваат фразата "Пушењето убива" или "Пушењето сериозно го нарушува твоето здравје и здравјето на другите луѓе". На задната страна од секоја кутија, мора да има некое од следните предупредувања: "Пушачите умираат помлади", "Пушењето предизвикува рак на белите дробови", "Пушењето предизвикува срцеви заболувања и срцев удар", "Пушењето може да ја намали плодноста", "Заштитете ги децата: Не дозволувајте да го дишат вашиот дим", "Пушењето е зависност", "Побарајте помош, престанете со пушењето", "Дозволете му на вашиот лекар да ви помогне да прекинете со пушењето", "Пушењето може да предизвика бавна и болна смрт", или "Со престанок на пушењето ќе го намалите ризикот од сериозна болест".

[58] Помеѓу политиките против пушењето и субвенциите за производство на тутун: случајот на Македонија, подготвено од Владимир Лазаревиќ, Моме Спасовски, Дончо Донев; Европски весник за јавно здравје, дел 23, број 3, 1 јуни 2013, страници 354-355, https://doi.org/10.1093/eurpub/cks178

4.3.3 Забрана за пушење

Општата забрана за пушење на јавни места, вклучувајќи ги ресторaните и баровите, стапи на сила во Македонија на 1 јануари 2010 година.

Од 2003 година, Законот за заштита од пушење делумно го забрануваше пушењето на јавни места, дозволувајќи посебни определени места за пушење да се постават во јавните канцеларии, ресторaните и баровите. Измена на делумната забрана за пушење прво беше направена во 2008 година кога пушењето беше забрането во повеќето јавни места, вклучувајќи ги и образовните институции и јавните згради во кои се сместени мали деца, млади луѓе и студенти. Здравствени и социјални установи, отворени и затворени објекти за приредување на спортски, културни и други јавни настани беа вклучени во дополнетата забрана, заедно со јавниот превоз, лифтови и возови, простори кои се користат за состаноци и собири, комунален простор во станбени блокови и канцеларии, како и чекални и ходници. Хотелите можат да назначат до 30% од нивните достапни соби како соби за пушење, додека сите други области во хотелот беа предмет на целосна забрана за пушење. Целосната забрана за пушење сега се прошири и на барови и ресторани.

Објект во кој забраната за пушење е прекршена, сега може да се соочи со парична казна од 2.000 до 4.500 евра, додека менаџерот на објектот ќе треба да плати помеѓу 500 и 1.000 евра. Конечно, секое лице кое пуши во одреден простор за непушачи, спротивно на соодветниот закон, ќе се казни со парична казна од 150 до 300 евра или еквивалентна вредност во домашна валута (македонски денар). Во јули 2011 година, измената на Законот за заштита од пушењето понатаму предвидуваше нови парични казни за деловните субјекти или ограничувања на нивното деловно работење во период од 7 до 15 дена.

На почетокот на 2018 година, новоизбраната Влада на Македонија донесе измени и дополнувања на Законот за заштита од пушење, олеснувајќи ја целокупната забраната за пушење, дозволувајќи пушење во посебно одредени простори и отворени тераси. Таа има за цел да ја олесни сегашната строга забрана за пушење во јавност, која според деловните субјекти од секторот HoReCa во земјата ѝ штети на туристичката индустрија.

4.3.4 Нивоа на катран

Со цел да се усогласи со регулативите на ЕУ, содржината на катран во цигарите во 2009 година беше ограничена на 10 mg. Сите цигари со високо ниво на катран потоа беа ребрендирани како производи со средно ниво на катран, и за време на овој процес нивоата на катран беа намалени. Не постојат индикации дека сегашните нивоа на катран ќе бидат предмет на било какви понатамошни ревизии или значителни законски промени во текот на идниот период.

Од 2009 година, членот 46 од Законот за тутун и тутунски производи забранува употреба на зборови и описи кои укажуваат на тоа дека тутунскиот производ е помалку штетен, на пример "слаби" или "меки" цигари.

4.3.5 Маркетинг и рекламирање на тутун

Медиумското рекламирање на тутунски производи е забрането со Законот за радиодифузија и Законот за заштита од пушење.

Членот 101 од Законот за радиодифузија конкретно забранува рекламирање на тутун и тутунски производи на телевизија, додека член 4 од Законот за заштита од пушење забранува рекламирање на тутунски производи, било директно или индиректно, вклучувајќи и прикажување на логоа или компании за тутунски производи. Истиот закон забранува други видови реклами на јавни места, на згради, на било какви транспортни средства, или било какви светлечки реклами. Покрај тоа, чадори, пепелници и слични производи кои се обележани со имиња на тутунски производи се исто така забранети за употреба на продажни или јавни места.

Рекламирањето на малопродажните места не е строго забрането со закон во Македонија. Всушност, тоа е единственото место каде што производителите на цигари можат јавно да ги прикажуваат своите производи без страв од санкција. Членот 4 од Законот за заштита од пушењето понатаму предвидува дека тутунските производи можат да бидат прикажани само во оригиналното пакување заедно со било какви информации за цените.

Спортските, музичките или другите јавни настани не можат да бидат спонзорирани од компании регистрирани или со интерес во производството и трговијата со тутунски производи, бидејќи тоа е забрането со Законот за заштита од пушењето. Исто така, од 2008 година, со Законот за заштита од пушењето е забранета дистрибуцијата на подароци брендирани со тутун и други промотивни активности. Ова вклучува промотивни игри, извлекување на лотарија или било која друга форма на комуникација со клиенти, вклучувајќи и e-mail и SMS пораки. Натпреварувањата поврзани со тутунски производи, како и дистрибуцијата на бесплатни награди или подароци поврзани со посети на интернет-страници, исто така се забранети со закон.

4.3.6 Релевантно законодавство – Закон за акцизи

Закон за акцизи (Службен весник на Република Македонија 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011, 135/2011, 82/2013, 98/2013,43/2014, 167/2014, 188/2014, 129/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 31/2016, 171/2017 и 120/2018). Законот за акцизи ги регулира тутунските производи. Тутунски производи кои подлежат на акциза се : пури и цигарилоси, цигари, тутун за пушење (ситно сецкан тутун за виткање на цигари и друг тутун за пушење). Електронските цигари и е-течности не се регулирани со Законот за акцизи или некој друг закон.

Исто така, законот ја регулира малопродажната цена. Малопродажната цена е поединечната цена одредена од производителот или увозникот како цена за тргување по парче пури, цигарилоси и цигари и за килограм тутун за пушење. Во случај кога е ставена само цена по кутија, малопродажната цена е цената што произлегува од цената по кутија и содржината на кутијата. Производителите или увозниците треба да ја пријават малопродажната цена на тутунските производи до Царинската управа и да ја објават во "Службен

весник на Република Македонија" пред пуштањето на тутунските производи во промет ослободени од акциза по такви дефинирани цени.

Првите значителни измени во Законот за акцизи во врска со стапките на акциза за тутунски производи започнаа во 2013 година. Со измените на Законот за акцизи во 2013 година се дозволи промена на постојните стапки на акциза за тутунските производи што се продаваат во Македонија, како и методологијата што се користи за пресметување на овие стапки. Овие измени стапија во сила на 1 јули 2013 година и тие треба да бидат во сила сè до 2023 година.

На 1 јули 2013 година, Законот за акцизи беше изменет и стапката на акциза на цигарите беше променета на 1,30 денари по единица и 9% од малопродажната цена на цигарите (во 2012 година акцизата изнесуваше 0,1 денари за единица и 35% од малопродажната цена), 21,37 денари и 0% од малопродажната цена на пури и цигарилоси и 1.350 денари за килограм и 0% од малопродажната цена за друг тутун за пушење. Ситно сецканиот тутун за пушење подлежи на акциза од 1.500 денари и 0% од малопродажната цена.

Од 1 јули 2014 година и сé до 1 јули 2015 година стапките на специфична и минимална акциза за цигарите се зголемија за 0,15 денари по парче. Од 1 јули 2016 година и сé до 1 јули 2023 година, стапките на специфична и минимална акциза за цигарите треба да се зголемуваат за 0,20 денари по парче на 1 јули секоја година. Во 2017 година, акцизата за цигари изнесуваше 2,053 денари по парче и 9% од малопродажната цена. Доколку комбинираната акциза (специфична и ad valorem) е под износот од 2,253 денари по парче, на овој износ ќе се применува минималната акциза.

Од 1 јули 2014 година и сé до 1 јули 2023 година, стапките на акцизата за тутун за пушење како ситно сецкан тутун треба да се зголемуваат за 50 денари по килограм на 1 јули секоја година. Во 2017 година, акцизата за тутун за пушење како друг тутун изнесуваше 1.350 денари по килограм и 0% од малопродажната цена. Во 2017 година, акцизата за тутун за пушење како ситно сецкан тутун изнесуваше 1.650 денари по килограм и 0% од малопродажната цена.

Во 2017 година, акцизата за пури и цигарилоси изнесуваше 21,37 денари по парче и 0% од малопродажната цена.[59]

4.3.7 Други ограничувања на тутунските производи

Не постои формална забрана за рекламирање на е-цигари, кои постигнаа поголемо пазарно значење во 2017 година. Општо земено, е-цигарите можат да се користат на јавни места, бидејќи тие не се сметаат за тутунски производи, иако многу компании сè повеќе вклучуваат е-цигари и производи од пареа во листата на забранети за пушење, така што овие производи се повеќе се подложени на истиот режим како и обичните цигари.

[59] Министерство за финансии, Даноци и царини, https://finance.gov.mk/mk/node/4438

4.3.8 Употреба на бандероли

Сите тутунски производи што се продаваат во Македонија имаат знак за "платена царина" или бандерола. Максималните единечни цени не се утврдени од страна на владата, туку производителите и увозниците можат слободно да формираат свои сопствени малопродажни цени. Откако ќе се формираат, единечните цени потоа се пријавуваат до државната институција одговорна за даноци и акцизи (Царинска управа на Македонија) и се објавуваат во Службен весник. Во 2010 година, овие надлежности беа пренесени од надлежност на Управата за јавни приходи и ставени во надлежност на Царинската управа на Македонија (Одделение за царински и даночни постапки).

4.3.9 Незаконска трговија во Македонија

Владата на Република Македонија спроведува конкретни активности насочени кон сузбивање на организираниот криминал, вклучувајќи ги и сите форми на економски криминал и даночно затајување. Цигарите и другите акцизни стоки се од особен интерес за Владата и нејзините тела и институции, бидејќи акцизите собрани од продажбата на овие производи значајно придонесуваат кон буџетот на државата. Ова е особено важно кога станува збор за цигарите, кои се најсилната категорија на тутун. Имајќи го ова на ум, владината контрола и надзор се важни за спречување на недозволена трговија со цигари. Владата на Македонија напредуваше во борбата со нелегалната трговија преку мерките на својата фискална политика, целосна фискализација на платниот систем и финансиска дисциплина во земјата. Разумните контролни мерки наметнати во координирани активности од страна на Царинската управа на Македонија и Министерството за внатрешни работи даваат добри резултати во намалувањето на недозволената трговија,[60] што е подобрување за националниот буџет во споредба со десет или дваесет години порано.[61] Една од најважните мерки во борбата против шверцот со цигари и недозволената трговија е употребата на печатени акцизни бандероли. Царинската управа на Македонија, во своите квартални и годишни извештаи постојано известува за успешните акции за запленување на фалсификувани стоки.


Во споредба со 1990-тите и 2000-та година, обемот на незаконската трговија во Македонија во последните 11 години продолжува да опаѓа. Како што е прикажано во графиконот 21, тргувањето на нелегалниот пазар со тутун и производи од тутун во Македонија во 2010 година беше намалено на 8%, што претставува четирикратно намалување во споредба со 2006 година. Еден од ефектите од намалената нелегална трговија беше очекуваното зголемување на буџетскиот приход до 80%.[62] Во последниве години, Република Македонија презеде повеќе активности за намалување на шверцот со цигари, а институциите беа исклучително успешни во спроведувањето на истите. Во 2006 година, илегалниот пазар на цигари во Македонија изнесуваше околу 30% од вкупната продажба. Истото се намали

[60] Кајгана, веб портал, https://kajgana.com/sprechen-shverc-na-750-shteki-cigari-od-makedonija-vo-velika-britanija
[61] http://amcham.com.mk/2015/06/26/customs-administration-and-philip-morris-tutunski-kombinat-prilep-signed-a-memorandum-of-understanding/
[62] Министерство за финансии, https://www.finance.gov.mk/en/node/1817

на 6,5% во 2017 година.[63] Според министерот за финансии, ова намалување на нелегалната трговија претставува потврда дека мерките и политиките во Македонија се успешни, што се одразува преку зголемени буџетски приходи. Намалување на сивата трговија со цигари на 6,5% е пониско од нивото во многу земји-членки на ЕУ. Во регионот, овој процент е 20%, додека на глобално ниво, тоа е 12%.[64]

Во 2013 и 2015 година, Царинската управа на Македонија и најголемата тутунска компанија во земјава, Тутунски комбинат Прилеп, потпишаа Меморандум за разбирање со кој се дефинираат механизмите и методите за соработка за спречување и борба против нелегалното производство, продажба и шверц на тутунски производи.[65]

Графикон 21: Удел на незаконски пазар на цигари во вкупната продажба (2000 – 2017 година)



Извор: Министерство за финансии на РМ, Царинска управа на РМ, проценки на IMEX data

Македонија го ратификуваше Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи на 8 јануари 2014 година заедно со 53 други земји. Од нив, 15 се земји членки на ЕУ. Дополнително, протоколот беше ратификуван од земјите во регионот, како што се Црна Гора, Турција, како и Комисијата на ЕУ.


Прекуграничната трговија со цигари останува значајна, бидејќи единечните цени на цигарите што се продаваат во Македонија се меѓу најниските во споредба со повеќето во непосредното соседство. Според извештаите на Царинската управа, незаконските домашно произведени неоданочени производи, како и шверцот со цигари продолжуваат да опстојуваат, како што се гледа од бројот на акции спроведени за спречување на недозволена

[63] Проценка на IMEX DATA врз основа на повеќе извори; Царинска управа на Република Македонија;
[64] Министерство за финансии, https://www.finance.gov.mk/en/node/1817
[65] Царинска управа на Република Македонија

трговија со цигари и тутун за пушење.[66] Последново сега претставува помал проблем, бидејќи единечните цени на повеќето цигари во странство, вклучувајќи ги и оние во непосредното соседство, сега се многу повисоки од домашните цигари што се продаваат во Македонија.

Врз основа на извештаите на Царинската управа на Македонија, Графиконот 22 го прикажува обемот на запленети незаконски цигари и тутун за пушење во периодот 2013-2017 година.

Графикон 22: Запленети незаконски цигари и тутун за пушење во килограми (2012 – 2017 година)



Извор: Царинска управа на РМ

4.4 Оданочување и акцизи

4.4.1 Оданочување на тутунски производи

Во Македонија оданочувањето на тутунските производи вклучува ДДВ и акцизи (специфична акциза и ad valorem). Сите тутунски производи се предмет на овие даноци, со исклучок на бездимен тутун. Продажбата на бездимен тутун е забранета со Законот за тутун и тутунски производи.

Царините не се применуваат на цигарите увезени од главните снабдувачи на цигари, бидејќи Македонија има потпишано билатерални и мултилатерални договори за слободна трговија, како што се Спогодбата за стабилизација и

[66] http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/informacii-mk/vesti-mk/321-1250


асоцијација со ЕУ (SAA), Европската спогодба за слободна трговија (EFTA) и Централноевропската спогодба за слободна трговија (CEFTA).[67]

Според податоците добиени од Министерството за финансии, ДДВ наменет за тутунски производи во Македонија е утврден на 15,25% од малопродажната цена.

